РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦ
„УСЛУГИ" Акционерско друштв
Бр. 0102-1001/2
12.07 2018 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## за работење за период јануари -декември 2017 година

Во деловната 2017 год. РЖ Услуги АД Скопје има остварено вкупно приходи од 165.978.732,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 149.240.619,00 ден,останати приходи 1.314.675,00 денари, што за вкупно остварени оперативни приходи од 150.555.293,00 денари за 2017 година претставува зголемување од 14,3% во однос на остварените оперативни приходи во 2016 година(127.908.140,00 денари)

| | ИЗНОС 2016 | ИЗНОС 2017 |
|---|---|---|
| СОБИРАЊЕ,ПРЕЧИСТ. И ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА | 10.756.815,00 | 12.822.985,00 |
| СОБИРАЊЕ,ПРЕЧИСТ.И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ | 87.793.252,00 | 109.685.801,00 |
| НАДОМ.ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ ПРИРОДЕН ГАС | 6.197.810,00 | 6.326.613,00 |
| УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД.НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 15.425.039,00 | 15.078.501,00 |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ | 1.044.023,00 | 612.621,00 |
| ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗЕРВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ | 781.472,00 | 733.454,00 |
| ОСТАН.АТИ УСЛУГИ: . | 512.825,00 | 445.716,00 |
| ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС | 5.396.904,00 | 3.534.928,00 |
| ВКУПНО | **127.908.140,00** | **149.240.619,00** |
| | | |

Обемот на работење на погоните во нашето потесно опкружување, со кои имаме континуирана деловна соработка од преструктуирањето на Железара, се рефлектира на обемот на работа во нашето друштво, во делот на услугите со кои сме директно поврзани за потребите на нивниот процес на производство и приходите од собирање, пречистување и дистрибуција на технолошки води кои се за 19,96% зголемени во однос на 2016 година.

Зголемувањето на приходите од технолошките води се резултат на склучени нови договори и оптимизација на технолошките процеси.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, евидентно е намалување кај продажбата на ТНГ -34,51%, обезбедување и ПП заштита 2,25%, телекомуникациски услуги 41,33%, закуп на деловен простор за 6,15% а намалувањето е резултат на намален обем на користени услуги од страна на правните субјекти со кои соработува РЖ Услуги во 2017 година.

### *Останати приходи*

Во останати приходи најголем дел се финансиските приходи, односно пресметани камати по дадена девизна гаранција за Когел стил Доо и пресметани камати од тековно работење со купувачите согласно законските прописи и така што во изминатиот период кај финансиските приходи има зголемување во однос на 2016 година за 9,67%, што е резултат од наплата на камати по судски спорови.

| | ИЗНОС | |
|---|---|---|
| ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ | 1.314.675,00 | |
| ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 11.972.214,00 | |
| ВКУПНО | **13.286.889,00** | |
| | **2017** | |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ) | 149.240.619,00 | |
| ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД | 12.436.718,00 | |

| ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО |
|---|---|---|
| 2016 | 128 | 1.354,21 evra |
| 2017 | 116 | 1.743,30 evra |

Вкупните расходи во 2017 год изнесуваат 164.289.024,00 ден.
Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 146.110.668,00,00 ден.

## *Структура на расходи*

| | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| *ПОТРОШЕНИ,МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР* | 3.279.888,00 | 4.593.364,00 |
| *ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА, НАФТА И БЕНЗИН)* | 26.104.670,00 | 30.479.042,00 |
| *СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА* | 12.282.136,00 | 14.302.537,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 787.683,00 | 661.649,00 |
| *ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ* | 2.133.160,00 | 3.887.241,00 |
| *АМОРТИЗАЦИЈА* | 25.536.747,00 | 25.670.540,00 |
| *БРУТО ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИ:И АГЕНЦИЈАМЛАДИНЕЦ* | 38.171.862,00 | 39.086.286,00 |
| *НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ПО КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР* | 2.395.752,00 | 3.269.908,00 |
| *ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ* | 81.608,00 | 77.050,00 |
| ***НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ*** | 1.201.839,00 | 1.457.826,00 |
| ***РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАПРОПАГАНД А И РЕКЛАМА*** | 169.432,00 | 174.702,00 |
| ***БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ*** | 692.875,00 | 621.129,00 |
| ***ДАНОЦИ И ТАКСИ*** | 1.104.160,00 | 985.240,00 |
| ***ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ (НАБАВНА ВРЕДНОСТ)*** | 4.381.418,00 | 3.091.834,00 |
| ***ОСТАНАТИ УСЛУГИ*** | 4.167.038,00 | 17.752.320,00 |
| ***ВКУПНИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ*** | ***122.490.268,00*** | ***146.110.668,00*** |

Вкупните оперативни расходи се зголемени во однос на 2016 година за 16% .Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од дистрибуција на технолошки води за производните погони во Железара,односно трошоците за потрошена енергија тековно одржување на опрема, трошоци за материјали и резервни делови евидентирано е зголемување и истите се зголемени за 28,6% во однос на минатата година, од кои трошокот за електрична енергија е зголемен за 14,3% , трошоците за суровини и материјали,резервни делови и тековно одржување зголемено за 45,1%. Зголемување има во трошоците за вработените,како резултат на зголемени трошоци за бруто плата и останати надоместоци од работен однос(намален број на вработени од 119 -2016- до 114 крајот 2017 година|) и зголемени останати пресметани надоместоци од работен однос ( испратнина за технолошки вишок ,отпремнина за пензија и регрес).Во 2017 имаме значително поголем број на заминати работници на кои им е престанат работниот однос по еден од двата наведени основи за престанок , а кај регресот, со оглед добрата финансиска состојба на друштвото и согласно колективниот договор пресметан е трошок за регрес во износ од 40% од просечна нето плата по работник во РМ. Кај трошоците за вработените зголемувањето изнесува 4,21% во однос на минатата година. Од останатите расходи намалување имаме кај телекомуникациските услуги со 16%, и намалување кај трошокот за набавка на продадениот плин во 2017 година за 29,4% поради намален обем на продажбан а ТНГ

| | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ РАСХОДИ* | 7.235.595,00 | 13.861,00 |
| *РАСХОДИ ОД КАМАТИ* | 8.565.005,00 | 18.164.495,00 |
| *ВКУПНО* | 15.800.600,00 | 18.178.356,00 |

Останатите расходи на износ од 13.861,00 денари се дополнително утврдени расходи од минати години.
Трошоците за камати на износ од 18.164.495,00 ден. се однесуваат на пресметани камати ; камати по користени кредити од банки и камати од тековното редовно работење со доверители. Зголемување на вкупните трошоци за камата во 2017 година изнесува 52,85% во однос на 2016 година и е резултат на пресметани и исплатени трошоци за камата према доверители во 2017 година - по судски спорови(Елем Енергетика)камати за исплатен долг по фактури за изминати години и во структурата на каматите кај кредитното задолжување по основ на реструктуирање на задолжувањето.

***Побарувања и обврски со 31.12.2017 година***

На 31.12.2017 година РЖ Услуги А.Д има ненаплатени побарувања на износ од 29.241.721,00 денари кои се во валутен рок како и ненаплатени побарувања за кои се водат судски постапки или се во извршна постапка во износ од 305.564.469,00 денари

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2017 година изнесува 87,11%. не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2017година од фирми,за кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2017 год. изнесува 10.350.950,00 денари а тоа се тековни обврски кои ги има друштвото и кои се во валутен рок. Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2017 година изнесува 93%.

Друштвото успешно ја одржува тековната ликвидност во текот на годината и без потешкотии ги сервисира тековните обврски по сите основи према добавувачи, вработени, државата и по кредитни задолжувања од изминатиот период.Тоа се должи на навременото сервисирање на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања. Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година ,за кои се водат спорови и истите се одвиваат во долги постапки.

Готовинскиот прилив на парични средства кои друштвото ги заработува од неговите редовни активности се користи за регулирање на оперативните расходи во тековното работење. Во 2017 година има зголемени инвестициски вложувања во делот на технички постројки,опрема,инвентар и постојани средства во однос на претходната година и новите набавки во текот на годината изнесуваат 3.281.874,00 денари.
Во однос на задолжувањата на друштвото споредено со 2016 година има значителни промени , односно обврските по севкупните краткорочни и долгорочни кредитни задолжувања се намалени за 6.430.004,00 денари или 11,15% во однос на 2016 година.

***Финансиски резултат во работење за 2017 година***

**РЖ Услуги АД** во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја заврши деловната година со оперативна добивка од 4.435.699 денари. Со пресметани финансиски расходи и приходи за 2017 година РЖ Услуги во своето севкупно работење искажа добивка од 1.689.707,00 денари .

**Енергоуслуги Дооел**, од основната дејност- трговија на големо со течен нафтен гас бележи намалена активност во однос на 2016 година но ја заврши 2017 година во оперативното работење со добивка од 4.212.609,00 денари или во севкупното работење со добивка 4.212.609,00 денари , која се должи на проценката на уделот кој го има во Когел стил ДОО .

**Когел стил ДОО** од основната дејност- производство и трговија на топлинска и електрична енергија ја заврши деловната 2017 година со оперативна добивка од 9.589.000,00. Со пресметаните севкупни финансиски расходи и приходи за 2017 година Когел стил ДОО во своето севкупно работење искажа добивка од 8.597.651,00 денари.

*РЖ Услуги АД Скопје*
*Директор*
*Јован Гечески*

РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА „УСЛУГИ" Акционерско друштво 1 СКОПЈЕ